Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, на 32. седница одржана на 21.10.2020 година, го донесе следниов

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9)**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9) (Универзитетски гласник бр. 434/2019 и бр. 472/2019), во табели со број на работни места по катедри.

**Член 2**

Во член 6, став 2, бројот 57 се заменува со број 55.

Во член 6, став 4, бројот 29 се заменува со број 23.

Во член 6, став 5, бројот 10 се заменува со број 11.

**Член 3**

Во табелата со назив: Катедра за болести на забите и ендодонтот, во колоната број на извршители – наставно-научни звања, бројот 6 се заменува со бројот 5.

Во табелата со назив: Катедра за детска и превентивна стоматологија, во колоната број на извршители – соработнички звања – асистенти, бројот 2 се заменува со бројот 4.

Во табелата со назив: Катедра за максилофацијална хирургија, во колоната број на извршители – соработнички звања – асистенти, бројот 2 се заменува со бројот 3.

Во табелата со назив: Катедра за ортодонција, во колоната број на извршители – соработнички звања – асистенти, бројот 4 се заменува со бројот 1.

Во табелата со назив: Катедра за орална хирургија, во колоната број на извршители – наставно-научни звања, бројот 7 се заменува со бројот 4.

Во табелата со назив: Катедра за стоматолошка протетика, во колоната број на извршители – наставно-научни звања, бројот 12 се заменува со бројот 11, а во колоната број на извршители – соработнички звања – асистенти, бројот 11 се заменува со бројот 4.

Се додава нова табела, 8-ма по ред, под табелата со назив: Катедра за стоматолошка протетика, со назив: Катедра за имплантологија.

| **Научна област** | **Катедра за имплантологија** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на извршители** | | | |
| | **Наставно-научни звања** | **Научни звања** | **Соработнички звања (асистенти)** | **Друг соработнички кадар во високото образование** |
| **Импланто-логија 30413** | **3** | **0** | **1** | **Стручна стоматолошка сестра – орален хигиенолог 1** |

**Член 4**

Се задолжува Стручната и административна служба да изработи пречистен текст на овој Правилник.

**Член 5**

Овој Правилник за измена и дополнување на ПРАВИЛНИКОТ за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС 9) влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Декан**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, алинеја 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 208, став 1, алинеја 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 254. седница одржана на 20.11.2020 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за давање согласност

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје (Анекс бр. 9).

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетски гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 17, став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, бр. 199/2014, бр. 27/2016, бр. 35/2018 и бр. 198/2018), Наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, на 16. седница одржана на 10.5.2019 година, на 19. седница одржана на 10.9.2019 и на 32. седница одржана на 21.10.2020 година, го донесе следниов

## ПРАВИЛНИК
## за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9 – пречистен текст)

### I. Основни одредби

**Член 1**

Со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Правилник) се утврдуваат називот и описот на работните места, односно звањата по организациони единици со шифра, видот на работата, условите потребни за извршување на работните задачи и обврски на одделните работни места и бројот на вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработени на Факултетот се:
1. лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, кои вршат